Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за животна
средина и просторно планирање
Ministria e Mjedisit
Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor
Бр. - Nr 15-2232/2
05.06.2025 год. - viti
Скопје / Shkup

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Арх.бр./Nr. Arkivi. 15-2232/2
Дата/Data: 05-06-2025

Врз основа на член 42, став (1) и став (9) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), а во врска со член 4, став (3) од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

Bazuar në nenin 42 paragrafi (1) dhe paragrafin (9) të Ligjit për planifikim urban ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 dhe 40/25), dhe në lidhje me Në nenin 4, paragrafi (3) të Ligjit për zbatimin e planit hapësinor të Republikës së Maqedonisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 39/04), ministri i Mjedisit dhe Planifikimit Hapësinor miratoi:

## Р Е Ш Е Н И Е
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Кавадарци се издаваат Услови за планирање на просторот со намена инфраструктура за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20) kV подземен кабелски вод, КО Глишиќ, Општина Кавадарци.

Должината на планираната трасата за која се издаваат Условите за планирање на просторот изнесува 0,2 km.

Предметната траса граничи со опфати за кој се издадени Услови за планирање на просторот со тех.број:

- У23516і - дополна на Услови за планирање на просторот за изработка на Генерален урбанистички план на град Кавадарци и населбите Ваташа и Глишиќ, Општина Кавадарци.
- У33222 - за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште), на дел од КП 702, КП 703, КП 704, дел од КП 705,дел од КП 706, КП 707, КП 708 и дел од КП 709, КО Глишиќ, Општина Кавадарци.

## AK T V E N D I M
## për Kushtet e Planifikimit Hapësinor

1 Me këtë Aktvendim Komunës së Kavadarcit, i jepen Kushtet për planifikim hapësinor me destinim infrastrukturë për transmetimin e energjisë elektrike për ndërtimin e linjës kabllovike nëntoksore 10(20) kV, në KK Glishiq, Komuna e Kavadarcit.

Gjatësia e trasës së planifikuar për të cilën lëshohen Kushtet për planifikimin e hapësirës, është 0.2 km.

Trasa në fjalë kufizohet me sipërfaqjen për të cilat janë lëshuar Kushte për planifikimin e hapësirës me numër teknik:

- U23516i – plotësim i Kushteve për planifikimin e hapësirës për përgatitjen e Planit Urbanistik të Përgjithshëm të qytetit të Kavadarcit dhe vendbanimeve Vatasha dhe Glishiq, Komuna e Kavadarcit.
- -U33222 – për ndërtimin e centraleve diellore sipërfaqësore dhe fotovoltaike (panelet fotovoltaike për prodhimin e energjisë elektrike që ndërtohen mbi tokë), në një pjesë të PK 702, PK 703, PK 704, pjesë e PK 705, pjesë e PK 706, PK 707, PK 708 dhe pjesë e PK 709, KK Glishiq, Komuna e Kavadarcit.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Предметната траса се сече со траса за која се издадени Услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура за линија на примарна оптичка и секундарна хибридна мрежа за пренос на ТВ, интернет и телефонски услуги за делница Глишиќ-Марена-Сопот, Општина Кавадарци, со тех.бр.У03213.

Trasa në fjalë ndërpritet nga një trasë për të cilën janë lëshuar Kushte për planifikimin e hapësirës për përgatitjen e projektit për infrastrukturën e linjës së rrjetit primar optik dhe sekondar hibrid për transmetimin e TV, internet dhe shërbimeve telefonike për segmentin Glishiq–Marena–Sopot, Komuna e Kavadarcit, me numër teknik U03213.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.
Условите за планирање на просторот треба да представуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

Lloji i dokumentacionit planor duhet të jetë në përputhje me Ligjin për Urbanistikë dhe Rregulloren për Planifikim Urban.
Kushtet për planifikim hapësinor duhet të paraqesin parametra hyrës dhe udhëzues për planifikimin hapësinor dhe vendosjen e koncepteve dhe zgjidhjeve të planifikimit në të gjitha fushat që kanë të bëjnë me planifikimin hapësinor në dokumentin përkatës planor, në pajtim me Planin Hapësinor të Republikës së Maqedonisë.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех. бр. У13325 се составен дел на Решението.

2. Kushtet për planifikim hapësinor nga pika 1 e këtij vendimi, të përgatitura nga Agjencia e Planifikimit Hapësinor me nr. teknik U13325 janë pjesë integrale e Aktvendimit.

3. Условите за планирање на просторот со намена инфраструктура за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20) kV подземен кабелски вод, КО Глишиќ, Општина Кавадарци, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

3. Kushtet për planifikimin e hapësirës me destinim infrastrukturë për transmetimin e energjisë elektrike për ndërtimin e linjës kabllovike nëntoksore 10(20) kV, në KK Glishiq, Komuna e Kavadarcit, përmbajnë dispozita të përgjithshme dhe të veçanta, udhëzime dhe zgjidhje dhe vërejtje përmbyllëse me veprimtari obligative nga dokumentacioni planor i një niveli më të lartë dhe bashkëngjitjet grafike që paraqesin Ekstrakt nga plani.

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот План е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиште од I-IV бонитетна

4. Ndër përcaktimet prioritare të Planit Hapësinor është mbrojtja e tokës bujqësore, e veçanërisht kufizimi i rreptë i transformimit të tokës nga klasa


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Донесувачот или изработувачот кој ја подготвува планската документација е должен да ги прибави сите податоци што произлегуваат од општите и посебните мерки за заштита на животната средина, природата и водите за конкретниот зафат и за соседните подрачја што граничат со планскиот опфат, а што се неопходни за изработување на урбанистичкиот план или урбанистички проект, согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25).

6. Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија на подрачјето на катастарската општина Глишиќ има евидентирани архиеолошки локалитет.

7. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација со намена инфраструктура за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20) kV подземен кабелски вод, КО Глишиќ, Општина Кавадарци, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

kreditore I-IV për përdorim jo bujqësor, si dhe ruajtja e cilësisë dhe pjellorisë natyrore të tokën.

5. Hartuesi ose përpiluesi që përgatit dokumentacionin e planifikimit është i detyruar të marrë të gjitha të dhënat që rrjedhin nga masat e përgjithshme dhe të veçanta për mbrojtjen e mjedisit, natyrës dhe ujërave për shtrirjen specifike dhe për zonat fqinje në kufi me objektin planore që janë të nevojshme për zhvillimin e planit urban ose projektit urbanistik, në pajtim me nenin 47 të Ligjit për planifikim urban ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 dhe 40/25).

6. Sipas të dhënave nga Ekspertiza për mbrojtjen e trashëgimisë kulturore dhe hartës arkeologjike të Republikës së Maqedonisë, në territorin e komunës kadastrale të Glishiqit, ka evidentuar lokalitet akrieologjik.

7. Gjatë sjelljes së vendimit për zbatimin ose vendimin për moszbatimin e vlerësimit strategjik të dokumentacionit për zonën në fjalë me destinim infrastrukturë për transmetimin e energjisë elektrike për ndërtimin e linjës kabllovike nëntoksore 10(20) kV, në KK Glishiq, Komuna e Kavadarcit, është e detyrueshme të merren parasysh udhëzimet për nevojën e kryerjes së një Vlerësimi Strategjik të ndikimit në mjedis, si dhe vërejtjet dhe konkluzionet e zonave sektoriale të përfshira në Planin Hapësinor të Republikës së Maqedonisë.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Кавадарци, врз основа на член 42, став (1) од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 68737 од 08.02.2025 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот со намена инфраструктура за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20) kV подземен кабелски вод, на дел од КП 1385/1, дел од КП 1389/4, дел од КП 1395, дел од КП 1989/1, дел од КП 763, КО Глишиќ, Општина Кавадарци.

Согласно член 42, став (8) од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена инфраструктура за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20) kV подземен кабелски вод, КО Глишиќ, Општина Кавадарци и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. 15-2232/1 од 09.05.2025 година.

Условите за планирање на просторот со намена инфраструктура за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20) kV подземен кабелски вод, КО Глишиќ, Општина Кавадарци претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

## ARSYETIMI

Komuna e Kavadarcit, bazuar në nenin 42, paragrafi (1) të Ligjit për planifikim urbanistik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 dhe 40/25), ka paraqitur kërkesë nëpërmjet sistemit e-urbanizëm, me numër të procedurës UPP 68737 nga data 08.02.2025, në Agjencinë për planifikimin e hapësirës për lëshimin e Kushteve për planifikimin e hapësirës me destinim infrastrukturë për transmetimin e energjisë elektrike për ndërtimin e linjës kabllovike nëntoksore 10(20) kV, në pjesë të PK 1385/1, pjesë të PK 1389/4, pjesë të PK 1395, pjesë të PK 1989/1 dhe pjesë të PK 763, KK Glishiq, Komuna e Kavadarcit.

Në përputhje me nenin 42, paragrafi (8) të të njëjtit ligj, Agjencia për planifikimin e hapësirës i ka përgatitur Kushtet për planifikimin e hapësirës me destinim infrastrukturë për transmetimin e energjisë elektrike për ndërtimin e linjës kabllovike nëntoksore 10(20) kV, në KK Glishiq, Komuna e Kavadarcit dhe i ka dorëzuar te Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor nën nr. 15-2232/1 nga data 09.05.2025.

Kushtet për planifikimin e hapësirës me destinim infrastrukturë për transmetimin e energjisë elektrike për ndërtimin e linjës kabllovike nëntoksore 10(20) kV, në KK Glishiq, Komuna e Kavadarcit, përfaqësojnë parametra hyrës dhe udhëzime gjatë planifikimit të hapësirës dhe vendosjes së koncepteve dhe zgjidhjeve planifikuese për të gjitha fushat relevante për planifikimin e hapësirës.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

Konkluzat përmbyllëse, të përcaktuara në Kushtet e Planifikimit Hapësinor që dalin nga Plani Hapësinor i Republikës së Maqedonisë, paraqesin aktivitete të detyrueshme në proçesin e planifikimit të mëtutjeshëm hapësinor.

Në bazë të asaj që u cek më lartë u vendos si në dispozitiv të këtij vendimi.

UDHËZIM JURIDIK: Kundër këtij Aktvendimi për kushtet e planifikimit të hapësirës, mund të ngrihet një padi administrative përpara gjykatës kompetente brenda 15 ditëve nga pranimi i Aktvendimit.

МИНИСТЕР/ Ministër
Izet Mexhiti

Република Северна Македонија * Министерство за животна средина и просторно планирање Скопје * Republika e Maqedonisë së Veriut * Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Shkup

Изработил/Përpiloi: Ismail Shehabi, советник / këshilltar
Контролирал/Kontrolloi: Соња Фурнаџиска, раководител на одделение / udhëheqës njësie
Одобрил:/Miratoi: Nebi Rexhepi, раководител на сектор / udhëheqes sektori

Кабинет на министер / Kabineti i ministrit
Согласен / Me pëlqim të: Посебен советник на Кабинет на министер/ Këshilltar i posaçëm i Kabinetit të Ministrit
Husamet Agushovski


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk